# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| | |
|---|---|
| Број 77 | 19.07.2021 година |



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб “ТИКВЕШ“ Кавадарци; Годишен Извештај за реализација на Годишната Програма за работа на СОУ Гимназија “Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2017/2018Годишен Извештај за реализација на Годишната Програма за работа на СОУ Гимназија “Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2017/2018; | 2 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб “ТИКВЕШ“ Кавадарци; | 3 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за изменување и дополнување на
Одлуката за утврдување на интерес за основање на
Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб“ТИКВЕШ“Кавадараци

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб“ТИКВЕШ“Кавадараци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4603/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**19.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 ст.1 точка 15, член 22 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ( Сл. Весник на РМ бр. 05/2002), како и врз основа на член 6, член 6-а и член 7 од Законот за спорт ( Сл. Весник на РМ бр 29/02 ... 244/19), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( Сл. Гласник на Општина Кавадарци бр. 8/05...75/21), а во врска со член 1 и член 2 од Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво ГРАДСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ ТИКВЕШ 1930 АД Кавадарци бр. 08-3770/6 од 30.06.2021 година, и техничка изправка со арх.бр.08-4262/2 од 05.07.2021 година,

Советот на Општина Кавадарци на 15-тата Вонредна седница, одржана на ден 19.07.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб "ТИКВЕШ" Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб "ТИКВЕШ" Кавадарци бр. 08-3770/6 од 30.06.2021 година(„Сл.Гласник на Општина кавадарци„ бр.75/21), се врши следната измена и дополнување:

После член 2 се додаваат нови членови член 2-а и член 2-б и тоа :

**„Член 2-а**

Основачкиот влог се зголемува за 50 евра односно во денарска противвредност по среден курс на НРБМ на денот на уплатата.

Бројот на акции во сопственост на Општина Кавадарци се зголемува за 5 обични акции и вкупниот број на акции сопственост на Општина Кавадарци изнесува 1.280 обични акции.

Финансиските средства на име акционерски капитал на Општина Кавадарци во висина од 50 евра во денарска противвредност по среден курс на НРБМ на денот на уплатата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година и истите ќе се уплатат на времената сметка на акционерското друштво – 300040000000422 депонент Комерцијална Банка АД Скопје.

**Член 2-б**

Оваа одлука се донесува заради дополнување на бројот на акциите, со кое Општина Кавадарци ќе поседува 51% од акциите на Акционерското друштво.„

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4595/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**19.07.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**